Република Македонија

Бр. ________________

___.____.________ година

С к о п ј е

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

ДО ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР
НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Име на материјалот: Предлог на Закон за задолжување на Република Македонија кај Меѓународната банка за обнова и развој-Светската банка по Договорот за заем за Проектот за развој на вештини и иновации, по скратена постапка

ЕПП.бр._____:

Усогласеност со Годишната програма на Владата:

Усогласеност со член 68 од Деловникот за работа на Владата:
ДА

Предлог на која седница на Влада да се разгледа материјалот:
На првата наредна седница на Владата

Карактер на материјалот:

- слободен пристап

Итност на материјалот: Итен карактер

Прилог:

- Образец за проценка на фискалните импликации;
- Образец за проценка на влијание на регулативата;
- Договор за заем на македонски и англиски јазик.

Дата на доставување на материјалот:
____.______.___________ година

ПОТПИС:

Зоран Ставрески
Заменик Претседател на Влада и
Министер за финансии

Изработил:Андреа Лазаревска/Наташа Лазаровска
Проверил: Кристина Павловска
Одобрил: Дејан Николовски
Согласен: Наташа Стојмановска

Република Македонија

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

*МЕМОРАНДУМ*

Предлог на Закон
за задолжување на Република Македонија кај Меѓународната банка за обнова и развој-Светската банка по Договорот за заем за Проектот за развој на вештини и иновации, по скратена постапка

Зоран Ставрески
Заменик Претседател на Влада и
и Министер за финансии

Скопје, декември 2013

ПРЕТСТАВНИЦИ:
м-р Зоран Ставрески, заменик претседател на Влада и министер за финансии
г-дин Ардиан Џеладини, заменик министер за финансии

ПОВЕРЕНИЦИ:
Наташа Стојмановска, државен секретар, Министерство за финансии
Дејан Николовски, раководител на Сектор, Министерство за финансии

Предлог на Закон
за задолжување на Република Македонија кај Меѓународната банка за обнова и развој-Светската банка по Договорот за заем за Проектот за развој на вештини и иновации, по скратена постапка

Скопје, декември 2013

Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
бр. _________
од _________
Скопје

До Претседателот на Собранието
на Република Македонија

Врз основа на член 91 алинеја 2 од Уставот на Република Македонија, членовите 132, 137 и 170 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија Ви поднесува Предлог на Закон за задолжување на Република Македонија кај Меѓународната банка за обнова и развој-Светската банка по Договорот за заем за Проектот за развој на вештини и иновации, по скратена постапка што го утврди на седница ______________________________.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени, м-р Зоран Ставрески, заменик претседател на Влада и министер за финансии и г-дин Ардиан Целадини, заменик министер за финансии, а за повереници Наташа Стојмановска, државен секретар и Дејан Николовски, раководител на Сектор за меѓународни финансиски односи и управување со јавен долг во Министерството за финансии.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
м-р Никола Груевски

ВОВЕД:

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ:

Реализацијата на Проектот за развој на вештини и иновации во износ од 17.7 милиони евра го сочинуваат следните делови:

Дел 1: Подобрување на транспарентноста на високото образование

1. Осигурување на квалитет во високото образование

Оваа подкомпонента опфаќа подобрување на механизмите за осигурување на квалитетот во високото образование преку: (а) обезбедување на обука за подобрување на административниот капацитет на Одборот за оценување и акредитација на високото образование и другите клучни институции задолжени за управување со активностите за осигурување на квалитетот; (б) спроведување на надворешно оценување, од страна на странски експерти, на секторот за високо образование на министерството за образование и наука и (в) надградување на системот за управување со образованието и информации, вклучувајќи и развивање и спроведување на централна база на податоци.

2. Реформи на финансирањето на високото образование

Оваа подкомпонента опфаќа осмислување и спроведување на модел на финансирање заснован на успешност со цел да се унапреди транспарентноста и ефикасноста на механизмите за распределување на ресурсите преку: (а) проценување на можностите за моделот за финансирање за да се избере најсоодветниот модел; (б) осмислување на моделот за финансирање, формулите и планот за спроведување; (в) утврдување на внатрешни показатели на успешност и рамка на резултати за следење и оценување; (г) раширување на новиот финансиски модел и (д) спроведување на комуникациски кампањи, настани за информирање на заинтересираните страни.

3.Развој на национална канцеларија за пренесување на технологии

Оваа подкомпонента опфаќа воспоставување и операционализација на канцеларијата за пренесување на технологии, која ќе биде одговорна за информирање на индустријата и советување во однос на прашања поврзани со интелектуална сопственост, увезување на технологии и интегрирање на иновациските активности на Република Македонија во програмите на Европската унија.

Дел 2: Модернизација на средното техничко стручно образование и обука

1.Квалитет и релевантност на техничкото стручно образование, за пазарот на трудот и обезбедување на обука

Оваа подкомпонента опфаќа модернизација на системот на средно техничко стручно образование и обука преку: (а) обезбедување на техничка помош за поддршка на

развојот на сеопфатен модел за трансформација на обезбедувањето на средното стручно образование и обука; (б) развивање на стандарди на занимања, наставни планови и програми базирани на компетенции; (в) проценка на ефикасноста на системот за средно техничко стручно образование и обука, мрежата на училишта и развивање на предлог за преструктуирање на таквата мрежа; (г) развој на програма за обука на наставници и друг персонал, вклучувајќи и идентификација на потребните вештини, развој на материјали за обука и распространување на таквата програма за обука и (д) спроведување на анализа на потреби и набавка на опрема за практична обука базирана во училиштата.

2.Грантови за соработка помеѓу училиштата и индустријата

Оваа подкомпонента опфаќа осмислување и спроведување на програма на дотации за поддршка на активностите на техничкото стручно образование и обука, како и обезбедување на училишни дотации на одредени корисници за финансирање на активности за подобрување на релевантноста на стручното образование и обуката за пазарот на трудот и вклучување на индустриите во спроведувањето на практичната обука.

Дел 3: Подобрување на капацитетот на иновации на претпријатијата и соработка со истражувачките организации

1.Градење на капацитет за Фондот за иновации и технолошки развој (ФИТР)

Подобрување на институционалната компетенција на ФИТР преку: (а) планирање и осмислување на програмите, стратегиите, операциите и постапките на ФИТР; (б) обезбедување на обука за персоналот на ФИТР; (в) избор на комисија за инвестирање и рецензенти на ФИТР; (г) обезбедување на обука за претпријатијата корисници на ФИТР и (д) спроведување на стратегија за маркетинг и комуникации.

2.Пилот на финансиските инвестиции кои треба да ги испорача ФИТР

Обезбедување на финансирање за поттикнување на иновациите преку: (а) обезбедување на грантови за иновации за финансирање на акцелератор; (б) обезбедување на грантови за иновации за финансирање на докажување на концептот на иновациите; (в) обезбедување на грантови за иновации или подзаеми за иновации за финансирање на комерцијализацијата на истражувањето и развојот; и (г) обезбедување на грантови за иновации за финансирање на активности за развој на технологии и апсорпција на технологии за нови односно подобрени технологии, производи и процеси.

Дел 4: Управување, следење и оценување на проектот

Овој дел е наменет за функционирањето на Единицата за имплементација на проектот која ќе биде формирана во Министерството за образование и наука.

Корисници на средствата од заемот се: Министерството за образование и наука кој ќе користи 8.496.000 евра од заемот и Фондот за иновации и технолошки развој кој ќе користи 9.159.750 евра од заемот.

Преговорите со претставниците на Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка за склучување на Договорот за заем за Проектот за развој на вештини и иновации успешно завршија на 2-ри декември 2013 година.

Услов за склучување на Договорот за заем е донесување на Законот за задолжување, согласно постапката за задолжување со склучување на Договор за заем утврдена во Законот за јавен долг („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 88/08 и 35/2011).

Оттука, Владата на Република Македонија изготви Предлог на Закон за задолжување на Република Македонија кај Меѓународната банка за обнова и развој-Светската банка по Договорот за заем за Проектот за развој на вештини и иновации, по скратена постапка кој го доставува до Собранието на Република Македонија за усвојување.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА:

Со реализација на Проектот првенствено се очекува: подобрување на транспарентноста на распределувањето на ресурсите и унапредување на отчетноста во високото образование, подобрување на релевантноста на средното техничко стручно образование, како и подобрување на капацитетот за иновации во Република Македонија.

Основно начело врз основа на кое се заснова овој Предлог на Закон е обезбедување на финансиски средства за да се овозможи реализација на Проектот за развој на вештини и иновации.

Оттука, Република Македонија и Светската банка ќе склучат Договор за заем наменет за реализација на Проектот за развој на вештини и иновации во износ од 17.7 милиони евра.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА:

Вкупната вредност на заемот изнесува 17.700.000 евра.

Заемот ќе биде доделен на Република Македонија под следните услови:

Рок на отплата од 18 години со вклучен грејс период од 5 години. Заемот ќе се отплаќа на секој 1-ви февруари и 1-ви август во годината. Отплатата почнува од 1 февруари 2019 година, а завршува на 1 август 2031 година.

Каматната стапка е шестмесечен ЕУРИБОР со варијабилен распон.

Еднократна провизија – Република Македонија како заемобарател има обврска да и плати на Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка еднократна провизија во износ од 44.250 ЕВРА.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ:

Финансиските средства потребни за спроведување на овој закон се образложени во Дел 3 на овој Предлог закон и во Образецот за проценка на фискалните импликации даден во прилог на овој материјал.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОН ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО ЗАЕМ КАЈ МЕЃУНАРОДНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ- СВЕТСКАТА БАНКА ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ПРОЕКТОТ ЗА РАЗВОЈ НА ВЕШТИНИ И ИНОВАЦИИ

Со оглед на тоа што се исполнети случаите утврдени во член 170 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, односно не е во прашање донесување на сложен и обемен закон, се предлага Законот за задолжување на Република Македонија кај Меѓународната банка за обнова и развој-Светската банка по Договорот за заем за Проектот за развој на вештини и иновации да се донесе по скратена постапка.

Предлог на Закон
за задолжување на Република Македонија кај Меѓународната банка за обнова и развој-Светската банка по Договорот за заем за Проектот за развој на вештини и иновации

Член 1

Република Македонија се задолжува кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка со заем во износ од 17.700.000 ЕВРА, наменет за реализација на Проектот за развој на вештини и иновации.

Член 2

Условите и начинот на користење на заемот од член 1 од овој закон, се утврдуваат со Договор за заем за Проектот за развој на вештини и иновации, кој ќе се склучи помеѓу Република Македонија и Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка.

Во име на Република Македонија, Договорот за заем од став 1 на овој член ќе го потпише министерот за финансии или од него овластено лице.

Член 3

Рокот за отплата на заемот од член 1 од овој закон е 18 години, со вклучен грејс период од пет години.

Каматната стапка е шестмесечен ЕУРИБОР со варијабилен распон.

На денот на повлекувањето на средствата од заемот, Република Македонија ќе и плати на Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка еднократна провизија во износ од 0,25 % од износот на заемот.

Заемот ќе се отплаќа на 26 полугодишни рати, на секој 1-ви февруари и 1-ви август во годината. Од 1-ви февруари 2019 година до 1-ви февруари 2031 година ќе се отплатат 25 полугодишни рати секоја во износ од 3.85 % од износот на заемот, додека на 1-ви август 2031 година ќе се отплати последната рата во износ од 3.75 % од износот на заемот.

Член 4

Корисници на средствата од заемот од член 1 на овој закон се Министерството за образование и наука и Фондот за иновации и технолошки развој.

Член 5

Република Македонија, заемот од член 1 на овој закон ќе го отплаќа од Буџетот на Република Македонија.

Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ – ЗАКОНОТ

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ:

Реализацијата на Проектот за развој на вештини и иновации во износ од 17.7 милиони евра го сочинуваат следните делови:

1. Подобрување на транспарентноста на високото образование;
2. Модернизација на средното техничко стручно образование и обука;
3. Подобрување на капацитетот на иновации на претпријатијата и соработка со истражувачките организации;
4. Управување, следење и оценување на проектот.

Услов за склучување на Договорот за заем е донесување на закон за задолжување, согласно постапката за задолжување со склучување на Договор за заем, утврдена во Законот за јавен долг ("Службен весник на Република Македонија"бр. 62/05, 88/08 и 35/2011).

Вкупната вредност на заемот изнесува 17.700.000 евра.

Заемот ќе биде доделен на Република Македонија под следните услови:

Рок на отплата од 18 години со вклучен грејс период од 5 години. Заемот ќе се отплаќа на секој 1-ви февруари и 1-ви август во годината. Отплатата почнува од 1 февруари 2019 година, а завршува на 1 август 2031 година.

Каматната стапка е шестмесечен ЕУРИБОР со варијабилен распон.

Еднократна провизија – Република Македонија како заемобарател има обврска да и плати на Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка еднократна провизија во износ од 44.250 ЕВРА.

Поради итноста на потребата за склучување на Договорот за заем со цел обезбедување на средства и отпочнувањето на Проектот, овој закон треба да влезе во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ:

Предложените одредби претставуваат генерален опис на финансиските услови под кои ќе биде склучен Договорот за заем.

III. ПРИДОБИВКИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА:

Со реализацијата на овој проект ќе се подобри транспарентноста на распределувањето на ресурсите и унапреди отчетноста во високото образование, ќе се подобри релевантноста на средното техничко стручно образование, како и капацитетот за иновации во Република Македонија.

*ОБРАЗЕЦ ЗА ПРОЦЕНКА НА ФИСКАЛНИТЕ ИМПЛИКАЦИИ НА ПРЕДЛОГ ПРОПИСИТЕ И ОПШТИТЕ АКТИ ДОСТАВЕНИ ДО ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА НИВНО УСВОЈУВАЊЕ*

| | | |
|---|---|---|
| 1. Назив на предлогот:<br>Предлог на Закон за задолжување на Република Македонија кај Меѓународната банка за обнова и развој-Светската банка по Договорот за заем за Проектот за развој на вештини и иновации, по скратена постапка | 2. Министерство/орган на државна управа:<br>Министерство за финансии | |
| 3. Цел на предлогот:<br>Обезбедување на средства за финансирање на Проектот за развој на вештини и иновации. | 4. Вид на предлог:<br>Предлог на Закон за задолжување на Република Македонија кај Меѓународната банка за обнова и развој-Светската банка по Договорот за заем за Проектот за развој на вештини и иновации, по скратена постапка | |
| 5. Контакт лице и звање:<br>Дејан Николовски, раководител на сектор | 6. Контакт тел./факс или е-пошта:<br>Тел. 3106-381<br>dejan.nikolovski@finance.gov.mk | |

7. Активност:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 8. Вид на барање: | ( ) Регулатива во врска со ЕУ<br>( ) Друга нова регулатива | ( ) Нова програма<br>( ) Зголемување/ намалување на постоечка програма | ( ) Прераспределба (на средства) помеѓу две програми<br>( ) Спојување на две или повеќе програми |

9. Цел на барањето / предложената активност: Со донесувањето на Законот за задолжување може да се пристапи кон склучување на Договорот за заем меѓу Меѓународната банка за обнова и развој и Република Македонија со што се обезбедуваат потребните средства во износ од 17.7 милиони евра за реализација на Проектот за развој на вештини и иновации.

9. Врска со владината програма:

| 10. Фискални импликации: | (илјади денари) | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 |
| А. Вкупни трошоци за предлогот | 0 | 131.09 | 262.1 | 699.1 |
| Плати | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Стоки и услуги | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Капитал | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Трансфери | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Б. Одобрени средства за предлогот<br><br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | <br><br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 | <br><br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 | <br><br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 | <br><br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 |
| В. Промена (разлика) од одобрените средства (А-Б)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | <br><br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 | <br><br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 | <br><br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 | <br><br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 |
| Г. Расположиви средства од прелевање (од други активности или програми во органот)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | <br><br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 | <br><br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 | <br><br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 | <br><br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 |
| Д. Нето импликации на средствата на органот (Ц-Д)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | <br><br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 | <br><br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 | <br><br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 | <br><br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 |
| Ѓ. Зголемување/намалување на приходите | | | | |
| Е. Дополнителни извори на финансирање или споделување на трошоците<br>Извор: Заем од Светска банка | 0 | 18.450 | 30.750 | 61.500 |
| 11. Нето зголемување/намалување на бројот на вработени во врска со предлогот | | | | |
| 12. Какви гаранции, заеми или други вистински или можни обврски ќе произлезат за Владата (а кои не се наведени во точка 11А до 11Г) | | | | |
| 13. Ако ова претставува барање за дополнителни средства во тековната фискална година или надвор од нормалниот циклус на подготвување на буџетот, дадете образложение. | | | | |
| 14. Дата на завршување на проценката | | | | |

| | |
|---|---|
| 15. Дата на поднесување на анализата до Министерството за финансии за добивање мислење: | |
| 16. Дата на добивање одговор од Министерството за финансии: | |
| 17. Измени побарани од Министерството за финансии: | |
| Одговор на министерството-предлагач: | |
| Одговор од Министерството за финансии: | |
| 18. Дали мислењето на Министерството за финансии е дадено во прилог: | |
| 19. Одобрено/дата: | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ______________________ | __/__/_ | ______________________ | __/__/ |
| Потпис на државен секретар или директор на орган | Ден/месец/ год. | Зоран Ставрески<br>Заменик претседател на Влада и Министер за финансии | Ден/месец/год. |

Изработил:Андреа Лазаревска/Наташа Лазаровска
Проверил: Кристина Павловска
Одобрил: Дејан Николовски